***З А П И С Н И К***
***од вонредна седница на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 24.02.2026 година (1)***

Седницата се одржа во Салата за состаноци во Домот на пензионерите Демир Хисар со почеток во 12 $^{00}$ часот.

На седницата присуствуваа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот Никола Дранговски, Маја Велеска, Љупчо Најдовски, Марија Христовска, Валентина Ѓорѓиовска, Марија Ѓоргиовска, Богдан Стојановски, Ивана Димчевска-Гикоска, Клара Кузмановска, Гоце Јончевски и Илче Ангелевски. Од општинската администрација присутни беа Александра Трајковска и Мише Милошевски.

Записникот го водеше Виолета Пајковска.

На седницата се расправаше по следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1.Одлука за давање согласност за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот **Зголемување на капацитетите на ЈКП „Комуналец" и Општината Демир Хисар за давање на комунални услуги преку набавка на градежна машина".**

2.Предлог Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко планска документација.

3.Предлози и прашања

Претседателот на Советот Никола Дранговски ја отвори седницата констатира присуство на сите членови на Совет. За оправданоста за свикување на вонредна седница образложение имаше претставникот Мише Милошевски. Има објавено повик од страна на Министерството за локална самоуправа за финансирање на проект. Финансирањето на проектите ќе биде обезбедено со средства од Министерството за локална самоуправа дел од средствата и дел треба да бидат сопствено учество на општината. Бидејќи е на принцип прв дојден прв усложен за да имаме шанси да ги добиеме средствата и заради итност на работите свикавме вонредена седница. Забелешки немаше. Дневниот ред беше ставен на гласање. За усвојување на дневниот ред гласаа 11 „за".

***ТОЧКА 1. Одлука за давање согласност за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот Зголемување на капацитетите на ЈКП „Комуналец" и Општината Демир Хисар за давање на комунални услуги преку набавка на градежна машина"***

Во врска со Одлуката за давање согласност за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот **Зголемување на капацитетите на ЈКП „Комуналец" и Општината Демир Хисар за давање на комунални услуги преку набавка на градежна машина"** образложение имаше претставникот Мише Милошевски. Се работи за набавка на градежна машина-скип, за потребите на општината а преку ЈКП Комуналец со оваа машина ќе се подобруваат условите на населението во општината Демир Хисар, машината е со вкупна вредност 5.215.600 денари, Министерството за локална самоуправа ќе учествува со 4.500.000, општината со 715.600 денари. Тие учествуваат со поголема сума, а општината има помал дел сопствено учество. Има определен фонд во повикот, а апликациите се на принцип прв дојден прв услужен, затоа планираме порано да аплицираме да имаме поголеми шанси да ни се одобри апликацијата. Советникот Љупчо Најдовски ја поздрави идејата, но забелешка имаше на постапката, на дневен ред покрај одлуката требаше да има и ребаланс на буџетот од каде ќе се обезбедат средствата. Бидејќи не одиме редоследно прво ребаланс па одлука, да не има проблем ако сега се донеси одлукат после да се носи ребаланс. Со забелешката

се согласи и советникот Гоце Јончевски прво ребаланс да се планираат средствата па одлуката. Претставникот Милошевски објасни заради итноста се планираше донесување на одлуката, да се аплицира кога ќе се одобри проектот ќе треба да се исплатат средствата, не се многу средства за сопствено учество меѓувреме можи и тоа да се направи. Претседателот на Советот Никола Дранговски додаде ако се прифати апликацијата ќе се обезбедат средствата ќе се донеси ребаланс. Советникот Богдан Стојановски во својата дискусија истакна на предходната седница побаравме присуство на претставник од ЈКП Комуналец, а бидејќи одлуката се однесува и за нив убаво ќе беше да имаше претставник на оваа седница. Граѓаните реагираат на собирањето на сметот, нема возило за собирање на смет, се собира во викенд, да се види што е приоритет дали да се набави возило за собирање на сметот или градежна машина. Се согласи и претседателот на советот Никола Дранговски требаше да има претставник од ЈКП Комуналец, потоа додаде за наредна седница да се покани претставник од комуналното претпријатие. Претставникот Мише Милошевски објасни и предходно се практикувале вакви одлуки во интерс на времето да се запазат роковите на повиците се брза да се донеси одлуката, убаво е да се испланира прво средства после одлука. Се разговараше за ова во Одделението за финансии има ставка разни трансфери можи од оваа ставка да се плати, ако во меѓувреме не се донеси ребаланс има можност да се плати. Дискусија повеќе немаше. За донесување на одлуката гласаа 8 „за“ 3 „воздржани“ против немаше.

***ТОЧКА 2. Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко планска документација***

Во врска со Одлуката за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко планска документација немаше дискусија. Со 11 „за“ беше донесена.

***ТОЧКА 3. Предлози и прашања***

Советникот Гоце Јончевски имаше прашања за наредна седница да се одговорат

-до каде е исплатата на надоместокот за Избирачките одбори

-за изградба на соборниот храм Св. Кирил и Методиј предходниот состав на Совет донесол одлука за паушалот за еден месец да се префрли на сметката за донација за изградба на храмот дали е постапено по одлуката.

Советникот Љупчо Најдовски имаше прашање за наредна седница да има одговор

-да се достави извештај за постапката за изградба на храмот Св Кирил и Методиј дали е готов проектот

-исто така и за имотот сопственост на општината за има извештај има заинтересирано лице во с.Вирово да го купи објектот треба да донесиме одлука да му излезиме во пресрет

-за канализацијата во Белче до каде е

Претставникот Мише Милошевски објасни познато е дека има заинтерерсирано лице за откуп на објектот, но во Вирово нема урбанистички план нема можност да се отуѓува.

Советникот Љупчо Најдовски во контекст на дискусијата истакна во предходниот мандат на советот обезбедил средства од Министерството за локална самоуправа за изработка на мост во с.Журче за проектот биле обезбедени 250.000 евра општината требаше да изготви техничка документација. Но постапката за техничката документација треше многу долго и средствата пропаднаа. Сега да се направи тој проект треба да се бараат ниви средства или општината да ги обезбеди. Советничката Клара Кузмановска додаде не е добро што се пролонгираат роковите.

Претседателот на Советот Никола Дранговски објасни имавме побарано од службите за наредна седница да изготват извештај за состојбата со општинскиот имот.

За канализацијата во Белче претставникот Мише Милошевски објасни има проблем со ЕВН не дозволуваат приклучок, бидејќи над препумпната станица поминува далековод. Канализацијата беше финансирана од Министерството за транспорт, тие го изготвуваа проектот, избираа изведувач, кога се изготвуваше проектот добиени се согласности од повеќе институции меѓу кои и од ЕВН, но има услов да се направи девијација на кабелот да непоминува над објектот, исти проблем имаме и за парцелата за проширување на гробиштата. Исто треба експропријација на земјиштето да се направи крак за поврзување на сите поречни улици, изгубивме 70.000 евра. Неофицијално некој се приклучиле на

канализацијата што ќе направи дополнителен проблем, бидејќи не е ставена во функција, а се испуштаат води ќе се расипи системот, а тоа ќе кошта многу. Треба со ЕВН да се направи договор општината да плати, а тие да го направат тоа.

Претседателот на Советот Никола Дранговски праша дали има поднесено барање до ЕВН, а потоа праша кој е надлежен за изготвување на техничка документација. Претставникот Мише Милошевски истакна не е запознат дали има поднесено барање до ЕВН, потоа додаде општината објавува повик избира фирма за изготвување на проекти. За проектот за мостот во с.Журче треба да се даде одобрение за градба и да се аплицира за добивање на средства за изградба.

Пред да се затвотри седницата претставникот Мише Милошевски, ги запозна советниците има измена од страна на Министерството за локална самоуправа не известија дека за набавка на градежната машина за која се донесе одлуката нивното учество ќе изнесува 3.500.000 денари наместо 4.500.000 како што се донесе со одлуката, а тоа бара промена на износите во член 1 односно останатите средства наместо 715.600 сопствено учество на општината, ќе треба да се планира 1.715.600 денари. Во интерес на сите е да се оддржи уште една вонредна седница на која ќе се укини веќе донесената одлука, а ќе се донеси друга со изменети износи, предложи Претседателот на Советот Никола Дранговски. Вонредната седница ќе се оддржи во 13 часот на 24.02.2026 година.

Дневниот ред беше исрпен Претседателот на Советот Никола Дранговски ја затвори седницата.

Бр. 17- 266/4
13.03.2026 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседател,
Никола Дранговски